РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-8585/1
11-11-2019 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од „Законот за локална самоуправа" ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06) и Записникот од Комисија за спроведување на **Јавен повик** за избор на консултант за изработка на Локална Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ – сида за периодот од 2019-2024 година, кој ќе биде финансиран од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризам за 2019 година, активност бр.8 Финансиска поддршка на локална стратегија за превенција и заштита од ХИВ – сида , во буџетот на Општина Струмица за 2019, на ден 11.11.2019 година.
По објавениот Јавен повик бр. 23-279/1 од 30.10.2019 година, Градоначалникот на Општина Струмица донесе

# О Д Л У К А

**За распределба на финансиски средства од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризам за 2019 година, активност бр.8, изработка на Локална Стратегија за превенција и заштита од ХИВ – сида,**

Член 1

Врз основа на распишаниот **Јавен повик** за избор на консултант за изработка на Локална Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ – сида за периодот од 2019-2024 година бр. 23-297/1 од 30.10.2019 и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-297/3 од 08.11.2019 година за најсоодветен кандидат - консултант согласно критериуми наведени во јавниот повик се назначува лицето, Влатко Деков.

Член 2

Финансиските средства за спроведување на процедурата и изработката на Локалната Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ – сида, ќе бидат регулирани во рамките на договор за консултантски услуги.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**